Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр.-Nr. 26-652/1
20 год.-viti
21 MAY 2026
Скопје - Shkup

Врз основа на член 9 став (1) алинеа 7 и член 14 став (12) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) и Предлогот доставен од членот известител **проф. д-р Слаѓана Брсакоска** бр.26-502/3 од 15.05.2026 година, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 15.05.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Биологија за VIII одделение во основно образование**

1. СЕ ОДОБРУВА употреба на учебник по наставниот предмет Биологија за VIII одделение во основно образование со шифра 19 од Друштвото за издавачка дејност, производство, промет и услуги АЛБИ ДОО Скопје, од авторите: Александар Алексовски, Биљана Илиева и Гордана Димеска.

2. Жалбата го одлага извршувањето на оваа Одлука.Одлуката е извршна по нејзината конечност.

3. Конечната Одлука да се достави до Државниот просветен инспекторат.

**Образложение**

Врз основа на член 12 став (2) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), Педагошката служба на ден 23.09.2025 година на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Конкурс за учебници во основно образование бр.26-1056/1 од 23.09.2025 година.

Согласно член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), директорот на Педагошка служба во рок од три дена од завршување на Конкурсот со Решение бр.26-49/33 од 26.01.2026 година формираше Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација.

Комисијата за шифрирање и проверка согласно член 14 став (3) во предвидениот рок од 3 дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација со допис број 32-3/1 од 28.01.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-49/39 од 28.01.2026 година и допис бр.32-11/1 од 28.01.2026 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-103/1 од 28.01.2026 година, шифрираните ракописи со шифра 16, шифра 17, шифра 18 и шифра 19, преку Педагошката служба ги достави до Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија за ракопис за учебник формирана од Националната комисија за учебници.

Педагошката служба со допис бр.26-49/40 од 28.01.2026 година шифрираните ракописи ги достави до Бирото за развој на образованието за Стручно мислење.

Бирото за развој на образованието со допис бр.09-170/21 од 17.02.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр. 26-49/47 од 18.02.2026 година, до Педагошката служба достави Стручно мислење за ракописите за учебник со шифра 16, шифра 17, шифра 18 и шифра 19 по наставниот предмет Биологија за VIII одделение во основно образование.

Во мислењето е наведено дека ракописот за учебник со шифра 17 не ги задоволува барањата за усогласеност со донесената наставна програма поради што согласно член 14 став (8) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) постапката се прекинува. За ракописите за учебници со шифра 16, шифра 18 и шифра 19 се дава позитивно мислење и постапката продолжува.

Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 11.03.2026 година со Решение заведено под архивски број 26-353/1 од 23.03.2026 година, формираше Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебници по наставниот предмет Биологија за VIII одделение во основно образование.

На ден 21.04.2026 година Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник доставила три стручни мислења за секоја шифра посебно и тоа со бр.26-473/10 , бр.26-473/7 и бр.26-473/4.

Во Стручното мислење бр.26-473/10 е наведено дека ракописот за учебник со шифра 16 не ги задоволува барањата во однос на сите подрачја и не се препорачува за користење во наставата по наставниот предмет Биологија за VIII одделение во основно образование. Во Стручното мислење бр.26-473/7 е наведено дека ракописот за учебник со шифра 18 не ги задоволува барањата во однос на сите подрачја и не се препорачува за користење во наставата по наставниот предмет Биологија за VIII одделение во основно образование. Додека во Стручното мислење бр.26-473/4 е наведено дека ракописот за учебник со шифра 19 ги задоволува барањата во однос на сите подрачја и се препорачува за користење во наставниот процес, по коригирање на ракописот со дадените забелешки од Рецезенската комисија по наставниот предмет Биологија за VIII одделение во основно образование.

Националната комисија за учебници согласно член 9 став (1) алинеа 4 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) на седницата одржана на 02.04.2026 година донесе Решение заведено под архивски број 26-502/1 од 23.04.2026 година за определување на член известител. Членот известител со допис заведен под архивски број 26-502/2 од 27.04.2026 година на Националната комисија за учебници и предложи да ги прифати извештаите од Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија, ракописите за учебник со шифра 16, шифра 17 и шифра 18 да не ги прифати за учебници, а ракописот за учебник со шифра 19 по наставниот предмет Биологија за VIII одделение во основно образование, да го врати на доработка и да го прифати за учебник откако ќе се изврши корекција на забелешките од Рецензентската комисија.

Педагошката служба со допис бр.26-49/60 од 30.04.2026 година се обрати до Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација за доставување на Записникот од шифрирање и проверка по објавениот Конкурс 26-1056/1 од 23.09.2025 година со напомена истиот да биде делумно јавно достапен односно да е транспарентен во делот на поднесените ракописи за кои ќе се врши јавно отварање.

Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација со допис бр.32-62/2 од 30.04.2026 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-49/65 од 30.04.2026 година до Педагошката служба го доставила Записникот бр.32-2/1 од 28.01.2026 година со напомена дека во записникот податоците за ракописите за учебници чии шифри не се отвараат се покриени и не се јавно достапни.

По добивање на Записникот бр.32-2/1 од 28.01.2026 година Педагошката служба на веб страницата на Министерството за образование и наука објавила Известување со бр.26-49/66 од 30.04.2026 година со прилог на Записникот во кое е наведено дека за наставниот предмет Биологија за VIII одделение во основно образование од страна на Националната комисија за учебници за основно и средно образование донесена е Одлука за учебник да биде одобрен ракописот за учебник со шифра 19, но по внесување на забелешките од Рецензентската комисија.

По јавното и транспарентно објавување на Записникот бр.32-2/1 од 28.01.2026 година на интернет страницата за дел од шифрите констатирано е дека:

За ракописот за учебник **под шифра 16** се јавува Друштвото за образование на деца и возрасни АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ Скопје, со авторите: Павлина Карова и Олгица Бајалџиева.

За ракописот за учебник **со шифра 17** се јавува Друштвото за производство, трговија и услуги СТУДЕНТСКИ СЕРВИС ДОО увоз-извоз Скопје, со авторите: Дијана Стојаноска и Соња Кузмановска.

За ракописот за учебник **со шифра 18** се јавува Друштвото за промет и услуги ТРИМАКС ДОО Скопје, со авторите: Светислав Крстиќ и Цветанка Малческа.

За ракописот за учебник **со шифра 19** се јавува Друштвото за издавачка дејност, производство, промет и услуги АЛБИ ДОО Скопје, со авторите: Александар Алексовски, Биљана Илиева и Гордана Димеска.

Педагошка служба со допис број 26-353/9 од 04.05.2026 година до издавачот ги достави забелешките од Рецензентската комисија, со цел да се направат посочените корекции и истиот да може да ја продолжи процедурата за издавање и употреба.

Издавачот со допис број 26-353/10 од 13.05.2026 година до Педагошка служба достави коригиран ракопис за учебник по наставниот предмет Биологија за VIII одделение во основно образование.

Педагошката служба со допис број 26-608/1 од 13.05.2026 година, по електронски пат го достави коригираниот ракопис за учебник до членовите на Рецензентската комисија.

Рецензентската комисија со допис број 26-353/11 од 15.05.2026 година го разгледа коригираниот ракопис за учебник со шифра 19 и заклучи дека препораките од првото стручно мислење се применети и ракописот за учебник станува применлив во наставата и дава позитивно мислење за негово одобрување.

На седницата одржана на 15.05.2026 година, членот известител со допис заведен под архивски број бр.26-502/3 од 15.05.2026 година на Националната комисија за учебници и предложи ракописот за учебник по наставниот предмет Биологија за VIII одделение во основно образование,

со шифра 19 да го прифати за учебник и да ја продолжи процедурата за издавање и употреба на истиот.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 15.05.2026 година едногласно го прифати предлогот на известителот и одлучи како во изреката на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА,
Проф.д-р Ташко Ризов

Tashko Rizov

Digitally signed by Tashko Rizov
DN: c=MK, serialNumber=275355, sn=Rizov, givenName=Tashko, cn=Tashko Rizov
Date: 2026.05.21 13:56:09 +02'00'

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Издавачи